РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СОВЕТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ ЗА 2025 ГОДИНА

Скопје, јануари, 2026 година

# ИДЕНТИФИКАЦИСКА КАРТА

| | |
|---|---|
| Назив: | Совет за образование на возрасни |
| Адреса: | Димитрие Чуповски 13, Скопје |
| Основач: | Влада на Република Северна Македонија |
| Ресорно министерство: | Министерство за образование и наука |
| Состав на Совет на образование на возрасни: | Александар Станковски - Претседател на Совет, од редовите на експерти,<br>Благој Христов од Стопанска комора на РМ - заменик претседател на Совет,<br>Маја Петрова од Агенција за иновации, научно технолошки развој и претприемништво ИНОВА – член,<br>Биљана Живковска од Агенција за вработување-член,<br>Славе Чорбев од ЗЕЛС-член,<br>Ридван Зеќири од Центар за развој на стручно образование и обука – член,<br>Дејан Стојчески од СОНК – член,<br>Ленче Божиноска од Министерство за финансии – член,<br>Весна Кусакатска од редот на експертите – член,<br>Фејзула Арифи од Биро за развој на образование-член,<br>Ќенан Сали од Министерство за образование и наука – член,<br>Билјана Талевска од Организација на Работодавачи на Македонија – член<br>Лиљана Крстевска од Занаетчиска комора на Македонија –член. |

Врз основа на член 9 став (11) од Законот за образование на возрасните (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.3 од 03.01.2025 година), Советот за образование на возрасни на седницата одржана на 23.01.2026 година, го донесе приложениот Годишен извештај за работата на Советот за образование на возрасните за 2025 година.

Годишниот извештај содржи активности на Советот за образование на возрасните од претходниот состав кој ги спроведуваше активностите во период јануари – јуни 2025 година, како и активности за периодот јули-декември 2025 година кои ги спроведе новиот состав на Советот за образование на возрасните формиран со Решение за именување на членови на Советот за образование на возрасните (Службен Весник на Република Северна Македонија бр.131 од 30.06.2025 година).

## Правна основа, улога и надлежности на Советот за образование на возрасни

Советот за образование на возрасните е советодавно тело формирано од Владата на Република Северна Македонија, согласно член 9, од Законот за образование на возрасните на Република Северна Македонија, со улога да обезбедува стратешка и стручна поддршка во креирањето и унапредувањето на јавните политики од областа на образованието на возрасните и доживотното учење во целина во Република Северна Македонија. Советот делува во рамки на правно-институционалниот систем, според Законот за образование на возрасните и Деловникот за работа на Советот за образование на возрасни, во тесна соработка со Министерството за образование и наука и Центарот за образование на возрасни, како и други надлежни институции, со цел усогласување на образовните политики со потребите на пазарот на трудот и со приоритетите на националниот развој во државата.

Согласно своите законски надлежности утврдени во член 10, од Законот за образование на возрасни, Советот има надлежности врз следново: изготвува и предлага Стратегија за образование на возрасните во контекст на доживотното учење, предлага развојни политики на годишно ниво до Министерството за образование и наука и до Владата на Република Северна Македонија врз основа на анализи за потребите на пазарот на трудот изготвени од страна на Министерството за образование и наука, Центарот за образование на возрасните, Стопанските комори, Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија и Државниот завод за статистика и други надлежни институции. Во рамки на своето работење, Советот дава мислење за финансирање на програмите за образование на возрасните за кои се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија, како и мислење за финансирање на валидацијата на неформалното образование и информалното учење за одредени стручни квалификации, доставува предлози за изготвување стандарди на квалификации и стандарди на занимања до Министерството за образование и наука и подготвува полугодишни, годишни извештаи за своето работење со конкретни предлози за развојни политики и друго.

Основната мисија на Советот е да придонесе кон развој на квалитетен, релевантен и одржлив систем за образование на возрасните, заснован на принципите на доживотно учење, еднаков инклузивен и транспарентен пристап и усогласеност со потребите на пазарот на трудот, со цел зголемување на вработливоста, социјалната вклученост и конкурентноста на човечкиот капитал. Советот ја реализира својата работа преку одржување на редовни седници, разгледување на иницијативи, давање мислења и формулирање предлози и препораки до надлежните институции, врз основа на релевантни податоци и стручни анализи.

Овој Годишен извештај се однесува на периодот од 12 месеци, односно на календарската 2025 година, и претставува официјален преглед на активностите, резултатите и дадените мислења и предлози на Советот за образование на возрасни, со цел информирање на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука и обезбедување основа за понатамошно унапредување на јавните политики во областа на образованието на возрасните.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работа на Советот за образование на возрасни за 2025 година

| АКТИВНОСТ | ПЕРИОД | |
|---|---|---|
| Следење на процесот и учество во подготовка на Стратегија за образование на возрасни 2025 -2030 (во координација со ЦОВ) | Период од јануари до април | Советот беше постојано вклучен во подготовката на Стратегијата за образование на возрасни во тој период.<br>- Консултации со меѓународен експерт<br>- Работилница и изготвување на SWOT анализа<br>- Консултации со координаторот на процесот г. Константин Христовски<br>- Анализа и заклучоци по ДРАФТ верзијата и доставување на забелешки<br>- Проверка на конечна верзија |
| Промоција и претставување на Стратегијата за образование на возрасни | 10.4.2025. | Центарот за образование на возрасните, во рамките на проектот „Имплементација на Европската агенда за учење на возрасните во Северна Македонија“, кој го реализира како национален координатор за имплементација на Европската агенда за образование на возрасните, организираше промотивен настан на кој беше презентирана новата „Стратегија за образование на возрасните 2025 – 2030“. Настанот се одржа на 10.04.2025 година |

| | | |
|---|---|---|
| | | (четврток) со почеток во 12:30 часот, во НУ Музеј на македонската борба за самостојност. Претседателот имаше свое излагање за Улогата на Советот во процесот на подготовката на новата стратегија. |
| Усогласување на Деловникот за работа на СОВ согласно новиот Закон за образование на возрасни од 2024 | Мај | На седницата во мај СОВ направи усогласување на деловникот за работа согласно новиот закон. Во деловникот се ставени сите нови членови околу задолженијата и обврските на СОВ. |
| Средба со Министерката за образование и наука проф. д-р Весна Јаневска | | Посета и споделување информации со Министерката за образование и наука околу процесот и состојбите со СОВ.Од страна на СОВ беа претседателот проф. Кирил Барбареев, и заменикот г. Благој Христов |
| Утврдување насоки за промоција на Законот за образование на возрасни и образованието на возрасни кон општините | | Советот сугерира на МОН да се изнајдат патишта за поголема промоција на Законот за образование на возрасните во јавноста и можностите кои се нудат со Законот. |
| Анализи на анкети за потреба од вештини на пазарот на трудот во РСМ<br>-<br>развојни политики на годишно ниво врз основа на резултати и препораки од направени анализи за потребите на пазарот на трудот од страна на коморите и Агенцијата за | континуирано | СОВ разгледуваше Анкети за потреба од вештини на пазарот на трудот во Република Северна Македонија за 2025 година.<br>Резултати од спроведеното истражување - Резултатите добиени од анкетното истражување претставуваат основа за креирање на активни програми и мерки за вработување, кои имаат за цел да ги подигнат |

| | | |
|---|---|---|
| вработување на Република Северна Македонија до Министерството и Владата на Република Северна Македонија. | | вештините на невработените лица заради зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и да придонесат во создавање на услови за подобро функционирање на истиот, преку вкрстување на понудата и побарувачката од соодветно квалификувана работна сила. Резултатите од истражувањето се користат и во образовниот систем при конципирање на уписните политики и при креирање на нови образовни програми за занимања усогласени со потребите на пазарот на трудот. |
| Присуство на седница на генерален колегиум на државни секретари | 21 мај 2025 година | Презентирање на Извештај за работата на Советот за образование на возрасните за 2024 година и Годишен план за работа на Советот за образование на возрасните за 2025 година |
| Присуство на седница на Комисија за човечки ресурси и одржлив развој во Владата на РСМ. | 23 мај 2025 година | Презентирање на Извештај за работата на Советот за образование на возрасните за 2024 година и Годишен план за работа на Советот за образование на возрасните за 2025 година |
| Конференција Промоција на Пактот за вештини | 24.06.2025 година, 10.00 часот, Стопанска комора, | Промоцијата на Пактот за вештини е една од клучните активности во рамките на проектот „Имплементација на Европската агенда за учење на возрасните во Северна Македонија“, кој го реализира Центарот за образование на возрасните, како национален координатор за |

| | | |
|---|---|---|
| | | имплементација на Европската агенда за образование на возрасните.<br>Пактот за вештини, од 2020-та година па наваму, е една од централните акции на Европската агенда за вештини на Европската Комисија. Тој ја акцентира клучната улога на вештините за градење отпорна и конкурентна работна сила, како и за совладување на дигиталната и зелената транзиција.<br>Пактот за вештини има за цел да ги поврзе јавните и приватните чинители и да ги охрабри да дејствуваат заеднички за доквалификација и преквалификација на возрасните.<br>Конференцијата за промоција на Пактот за вештини е да се осмислат стратегии за заедничка заложба за активно градење на човечки капитал во нашата земја, преку преквалификација и доквалификација на возрасното работоспособно население. |
| Одржана е конститутивната и првата седница на новиот состав на Советот за образование на возрасните | 21 јули 2025 година | На конститутивната седница избран е претседател на Советот, а на првата седница разгледан и изменет е Деловникот за работа на Советот и избрано е лице од членовите на |

| | | |
|---|---|---|
| | | Советот кое ќе има улога на заменик претседател во случај на отсуство на претседателот. |
| Разгледување на активностите спроведени од страна на претходниот состав на Советот за образование на возрасните, како и планираните активности кои се дел од Годишната програма за работа на Советот за 2025 година | 25 август 2025 година | Разгледување на годишните и полугодишните извештаи на Советот за 2024 и 2025 година, како и разгледување на Програмата за работа на Советот за 2025 година. Утврдување на потреба од следење на спроведувањето на активностите кои се дел од новата Стратегија за образование на возрасните 2025 - 2030, преку извештаи кои ќе ги презентираат вработените од ЦОВ на членовите на Советот. |
| Согледување и анализа на статусот на активностите во рамки на 9те приоритети опфатени со Стратегијата за образование на возрасните 2025 – 2030 и утврдување на препораки кои Советот ги смета за важни од кои зависи успешното спроведување на Стратегијата | 16 септември 2025 година | Раководителот на сектор за унапредување на образованието на возрасните од ЦОВ ја презентираше новата Стратегија за образование на возрасните 2025 – 2030. Врз основа на добиените податоци Советот заклучи и укажа на следното:<br>- поголема промоција на образованието на возрасните и на самиот ЦОВ со јасно информирање на провајдерите и граѓаните<br>- системска поддршка, континуитет и јасна насока на образованието за возрасните<br>- вклучување на овој тип на образование |

| | | |
|---|---|---|
| | | во структурите на системското планирање, односно годишните планови на МОН и редовно следење на реализацијата на истите<br>- зголемување на финансиската поддршка на образованието за возрасните, не само преку Буџетот на Република Северна Македонија туку и преку зголемена меѓународна соработка преку користење на европските фондови и реализација на проекти поддржани со средства од донатори за финансиска и техничка поддршка. Финансиската поддршка досега главно е обезбедувана преку донаторски проекти (ЕУ, Швајцарска, УСАИД, СЕК), додека средствата од државниот буџет се ограничени, затоа ЦОВ треба да развие јасна процедура за аплицирање за обезбедување на средства за приоритетните активности преку поголема координација со меѓународни институции за вклучување во нивните стратегии и програми,<br>- поддршка за продолжување на постојните програми на Агенцијата за вработување чија цел е приспособување |

| | | |
|---|---|---|
| | | на обуките согласно потребите на пазарот на труд,<br>- институциите треба да работата на подобрување на терминологијата која се користи во верификуваните програми со цел квалитетна имплементација и соодветна комуникација меѓу институциите, обучувачите и учесниците во програмите. Главен предизвик е усогласувањето на терминологијата на верификуваните програми со националната и меѓународната класификација на занимања<br>- ЦОВ да се вклучи во ЕПАЛЕ програмата за возрасни<br>- да се иницира соработка на ЦОВ со Министерството за дигитална трансформација и да се побара техничка помош и поддршка за развој на современа платформа за учење, дигитализацијата да биде интегриран дел од процесите, со цел поедноставување на постапките за верификација и следење на програмите.<br>- неопходно е усогласување на стратегијата со подзаконските акти и обезбедување на соодветни ресурси за |

| | | |
|---|---|---|
| | | нејзина имплементација. |
| Разгледување и дополнување на заклучоците и препораките на Советот во насока на спроведување на Законот за образование на возрасните и Стратегијата за образование на возрасните 2025 - 2030 | 27 октомври 2025 година | Советот покрај наведените заклучоци и препораки, предложи во рамки на Годишниот акциски план за 2026 година да се вклучи посебна програмска насока за инклузивноста на образованието на возрасни, со цел поттикнување и олеснување на пристапот до образовните програми до ранливите и маргинализираните групи, развивање на прилагодените програми за учење, координација со институции и организации кои работат на полето на социјална инклузија за заедничко планирање и имплементација. |
| Анализа на реализираните програми и постигнатите резултати на верифицираните програми од страна на активните Провајдери во изведувањето на обуките. Разгледување на предизвиците со кои се соочуваат Провајдерите-изведувачи на програми за образованието на возрасните | 26 ноември 2025 година | Пет провајдери -изведувачи на обуки ги презентираа нивните искустава и предизвици со кои се соочуваат, но ги образложија и согледаните потреби за образование на возрасните. Советот согледа дека поради вакум просторот кој се создаде од донесувањето на Законот за образование на возрасните во јануари 2025 до донесување на подзаконските акти кои се во октомври 2025 и со оглед на фактот дека процесот на верификација на посебни програми за образование на возрасни започна во октомври 2025 година, голем дел од учесниците на |

| | | |
|---|---|---|
| | | обуките организирани од провајдерите, поради неможноста провајдерите да се акредитираат, учесниците ќе добијат интерни сертификати, а не државни признати сертификат по верификувана програма. Сепак, провајдерите истакнаа дека со оваа средба иницирана од Советот сметаат дека многу ќе придонесе за да се решат отворените праша и предизвици и дека со истата се потврдува дека Владата има слух, желба и намера да ги подобри состојбите во оваа област. |
| Подготовка на полугодишен извештај за период јули – декември 2025 година, Годишен извештај за 2025 година и Годишна програма за работа на Советот за 2026 година | 26 декември 2025 година | Формирани се работни групи за подготовка на полугодишен извештај за период јули – декември 2025 година, Годишен извештај за 2025 година и Годишна програма за работа на Советот за 2026 година.<br><br>Советот заклучи дека во 2026 година треба повеќе да работи на дефинирање на конкретни активности кои надлежните институции ќе треба да ги спроведат, да се иницираат средби со надлежните институции на кои Советот ќе ги презентира своите препораки и заклучоци, со цел истите да бидат дел од развојните политики на Владата во оваа област. |

## Активности реализирани преку функцијата Претседател на Советот за образование на возрасни во насока на промоција и институционален дијалог

Во рамките на своето работење во извештајниот период, преку функцијата Претседателот на Советот за образование на возрасни и во име на Советот, согласно надлежностите утврдени со Законот за образование на возрасните и Деловникот за работа на Советот за образование, преку активното делување Претседателот реализираше низа дополнителни активности насочени кон унапредување на системот за образование на возрасните и јакнење на концептот на доживотно учење, посебно нагласени во второто полугодие од 2025 година.

Претседателот на Советот учествуваше во презентација на проект организиран од Центарот за образование на возрасни, со фокус на подобрување на квалитетот во образованието на возрасните, при што беа истакнати значењето на стандардите за квалитет и потребата од континуиран развој на програмите и институциите во оваа област. Воедно, беше остварено учество и промоција при доделувањето на признанија за „Просветен работник на годината“ на Република Северна Македонија, со што се даде поддршка на афирмацијата на образовниот кадар и неговиот придонес во образовниот систем.

Во насока на промоција на образованието на возрасните и доживотното учење, претседателот на Советот реализираше промотивни активности на 7 конференција за ИТ вештини организирана од страна на организацијата „Пријатели на образованието“ во Струга, при што беше потенцирана потребата од надградување на компетенциите на просветниот кадар и развој на дигиталните вештини како составен дел на современото образование на возрасните.

Исто така, беше остварен за прв пат работен состанок на Претседателот на Советот со Директорката и претставник на Одделението за образование на возрасни при Националната агенција за европски образовни програми и мобилност на Република Северна Македонија, на кој се истакна важноста на образованието на

возрасните во контекст на неформалното и информалното образование и неговата поврзаност со европските образовни политики и програми.

Дополнително, беше реализирана промоција на активностите на Советот преку европската платформа ЕПАЛЕ (EPALE), со цел зголемување на видливоста, размена на добри практики и зајакнување на меѓународната соработка во областа на образованието на возрасните.

Во рамките на функцијата Претседателот на Советот за образование на возрасни учествуваше и во работна група во рамките на Центарот за образование на возрасни за креирање на индикатори за квалитет во образованието на возрасните, при што беше даден стручен придонес во дефинирањето на критериуми за следење и унапредување на квалитетот.

Во текот на извештајниот период, беше остварено и учество на Конференција за резултатите од спроведените национални тестирања во основното образование, организирана од страна на Државниот испитен центар, со цел следење на состојбите во образовниот систем и согледување на поврзаноста помеѓу основното образование и понатамошните образовни патеки, вклучително и образованието на возрасните.

За прв пат Советот за образование на возрасни, на провајдерите – изведувачи на верифицирани програми за образование на возрасни им беше овозможено организирано и институционално да ги изнесат своите согледувања, ставови и предлози пред Советот, во однос на состојбите во областа на образованието на возрасните, квалитетот на изведувањето на програмите и предизвиците со кои се соочуваат во нивната реализација. Во рамките на оваа активност, провајдерите го истакнаа значењето на воспоставувањето директна комуникација со Советот како владино советодавно тело, при што беше позитивно оценето фактот дека за прв пат постои институционален „слух“ за нивните забелешки, иницијативи и предлози, насочени кон унапредување на квалитетот на изведувањето, делувањето на самите провајдери, како и проширувањето на достапноста и подобрувањето на квалитетот на програмите за образование на возрасни.

Покрај формалните активности, беа реализирани и низа неформални средби и остварена поддршка од релевантни институции кои изразија интерес за унапредување на образованието на возрасните, како и

неформални состаноци со универзитетски професори и експерти, насочени кон промоција и развој на програмите за образование на возрасни.

## Предлози и мислења на Советот за образование на возрасни

### Зајакнување на стратешката рамка за образование на возрасните

Советот смета дека е потребно дополнително унапредување и операционализација на Стратегијата за образование на возрасните во контекст на доживотното учење. Советот предлага Владата и Министерството за образование и наука да обезбедат континуитет во стратешкото планирање и редовно следење на имплементацијата на стратешките документи во оваа област.

### Обезбедување на одржливи финансиски механизми

Имајќи ја предвид ограничената финансиска рамка за образование на возрасните, Советот укажува на потребата од воспоставување одржливи финансиски механизми за поддршка на програмите за образование на возрасни, вклучително и можноста за посебни програмски олеснувања во рамките на државниот буџет, како и зголемено користење на национални и меѓународни фондови.

**Подобрување на квалитетот на верифицираните програми и нивната реализација**

Советот ја нагласува потребата од унапредување на квалитетот на верифицираните програми за образование на возрасните, преку редовна евалуација на програмските содржини, начинот на изведба и компетенциите на изведувачите. Се предлага Министерството за образование и наука заедно со Центарот за образование на возрасни да воспостави појасни стандарди за квалитет и механизми за следење на нивната реализација и примена во практиката.

**Зајакнување на улогата на локалната самоуправа**

Советот смета дека локалната самоуправа има значајна улога во развојот на образованието на возрасните и предлага дополнително поттикнување на општините за изработка и спроведување на локални стратегии и акциски планови за образование на возрасните, промоција на важноста од образованието на возрасните и подршка на возрасните преку различни форми на подршка и субвенционирање. Во таа насока, потребна е поголема координација меѓу централно и локално ниво во областа на образованието на возрасните.

**Подобрување на системот за собирање и анализа на податоци**

Советот укажува на потребата од воспоставување поефикасен систем за собирање, обработка и анализа на податоци во областа на образованието на возрасните, со цел донесување политики базирани на докази.

**Поддршка на ранливи групи и еднаков пристап**

Советот укажува на потребата од дополнителни мерки, субвенции и олеснувања, подршка, во рамките на законските процедури, за вклучување на ранливи категории на возрасни лица (невработени, лица со ниско ниво на образование, лица од рурални средини,лица кои долг период се невработени, лица со пречки во нивниот развој и други маргинализирани групи), преку прилагодени програми и флексибилни форми на учење. Советот

смета дека обезбедувањето еднаков пристап до образование е клучен елемент за социјална инклузија и економски развој.

## Заклучок

Врз основа на Годишниот извештај за работата на Советот за образование на возрасни за 2025 година, се констатира дека Советот, во рамки на своите законски надлежности, оствари континуирана и активна улога во процесот на мапирање, креирање, следење и унапредување на националните елементи во областа на образованието на возрасните и доживотното учење во Република Северна Македонија.

Советот даде значаен советодавен придонес во подготовката и промоцијата на Стратегијата за образование на возрасните 2025–2030, усогласувањето на сопствениот Деловник за работа со новиот Закон за образование на возрасните, како и во анализата на состојбите и потребите на пазарот на трудот, со цел обезбедување релевантни и применливи препораки до надлежните институции. Посебно значајно е зајакнувањето на институционалниот дијалог, како и дијалогот со провајдерите на верифицирани програми, што придонесе кон поголема транспарентност, координација и доверба во системот.

Советот во своите заклучоци и препораки укажува на потребата од обезбедување континуитет во спроведувањето на стратешките национални политки, јакнење на финансиската поддршка за образованието на возрасните, унапредување на квалитетот на верифицираните програми, зајакнување на улогата на локалната самоуправа и обезбедување еднаков и инклузивен пристап до образовните можности, особено за ранливите

категории на граѓани. Дополнително, беше нагласена потребата од подобрување на системот за собирање и анализа на податоци, како основа за креирање политики базирани на докази. Советот оцени дека е неопходно во наредниот период да се интензивира институционалната координација и да се преземат конкретни мерки за целосна и ефикасна имплементација на Законот за образование на возрасните и Стратегијата за образование на возрасните 2025–2030.

Советот за образование на возрасни смета дека наодите, заклучоците и препораките содржани во овој Полугодишен извештај претставуваат релевантна основа за понатамошно унапредување на развојните политики во областа на образованието на возрасните и предлага истите да бидат земени предвид при планирањето и спроведувањето на мерките и активностите на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука во наредниот период.

**Датум:**

**23.01.2026 год.**

**Претседател на**

**Совет за образование на возрасни:**

**Александар Станкоски**